РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 01-03/02
09.01. 2012 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
## ЗА РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО СЕКРЕТАРСТВО

Со решението за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во наставно звање виш предавач на Висока стручна школа за наставната област **Деловно секретарство** од 17.09.2011 година определени сме за членови на Рецензиската комисија за избор на наставници во наставно звање виш предавач на Висока стручна школа за наставната област Деловно секретарство.

Со решението од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот. По проучувањето на споменатите документи, Рецензиската комисија, во состав: Проф.д-р Јонуз Абдулаи, Универзитет ЈИЕ Тетово, Проф.д-р Драган Груевски, ФАМИС, Битола и Проф.д-р Таип Јакупи, професор на Бизнис академија Смилевски - БАС, Скопје, има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за избор и реизбор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 22.08.2011 година со рок за пријавување до 09.09.2011 година за наставната област **Деловно секретарство** се пријави вкупно 1 кандидат и тоа:

1. М-р Гордана Тасевска

Врз основа на демонстрираната и клиентски ориентирана наставна и обучувачка работа, како подобен за натамошна постапка е кандидатот:

1. М-р Гордана Тасевска

Во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на кандидатите.

## II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатите

## М-р Гордана Тасевска

### А) Образовен развој

Основни биографски податоци и завршено образование до нивото на додипломски студии:

Гордана Тасевска е родена на 13.09.1968 во Битола. Средното образование го завршила во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи", Битола - насока медицинска сестра. Додипломски студии завршила на Педагошки факултет - Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, студиска програма Дипломиран учител. Завршени редовни форми на постдипломски и докторски студии со податоци за студиската програма и темата на завршните трудови:

Специјализирала во областа на Менаџмент во образованието на тема - *„Поставување и остварување на стандарди во училничкиот менаџмент*".

Магистер е по менаџмент во образованието. Во декември 2006 магистрирала на тема *„Од училнички кон училишен кодекс на однесување*".

Во тек е одобрување и одредување на термин за одбрана на докторска дисертација на тема *„Улогата на високообразовните организации во професионалната практика на додипломските студии"* на постдипломските студии при Педагошкиот факултет во Битола.

Завршени други образовни форми по сертификувани програми:

Има посетувано повеќе обуки за кои ги добила следниве сертификати: Certificate for successfully completing the Primary School Teachers' Training and demonstrating practical knowledge in Innovative Use of ICT in Primary Schools.

Certificate of Appreciation for succesful application and intergration of Information and Communication Technology in the instruction process at the primary school level.

Certificate for successfully completing the Primary School Teachers'training and demonstrating practical knowledge in ToolKID Educational Software. Обука за фасилитатори. СКИТОП консултанство.

### Б) Кариерен развој

Работно ненаставно ангажирање:

Гордана Тасевска, работното искуство го започнала како медицинска сестра во Домот за доенчиња во Битола.

Од март 1995 до февруари 2007, вработена е како одд. наставник во ОУ „Даме Груев", Битола.

Ментор е на Педагошкиот факултет во Битола.

**Од февруари 2007 е во дополнителен работен однос, а од септември 2008 во постојан работен однос во Бизнис академија Смилевски - БАС , одделение за**

**дисперзирани студии во Битола , како предавач во областа на Деловното секретарство.**

Во текот на своето работно ангажирање учествувала во реализацијата на следните проекти: „Чекор по чекор", „Креативна настава и учење", „Инклузија на деца со посебни потреби".

Дополнителни ангажирања:

Дополнително била ангажирана како Претседател на Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев" - Битола од 2000-2004 и 2003 како Претседател на Стручен актив на одделенска настава.

**Обучувач и консултант за организациски промени во ДЕТРА Центар – Скопје**

**В) Авторски остварувања:**

Објавена и е книгата:

„Од училнички до училишен кодекс на однесување" (2007)

Објавени трудови и учество на конференции:

Има објавено свои трудови во списанијата:

„Воспитни крстопати"

„Содржина на менаџерска обука за наставници" (2006) „Поставување на стандарди во училничкиот менаџмент" (2006) „Училишната организација - како треба училиштето да функционира за да може да одговори на потребите на новиот курикулум" (2006)

„Емпириските истражувања на функција на осовременување на образовниот процес-практичен пример" (2007)

Информатор - Граѓанско образование, „Писмена подготовка за реализиран наставен час во второ одделение" (2002).

Учество на конференции со сопствени трудови

| Земја | Тема | Дата |
|---|---|---|
| *Македонија , Охрид* | Педагошки македонски средби „Учителот на 21-век", Тема - Современите образовни проекти во функција на реализирање на ефикасен наставен час по Основи на демократија. | *2002* |
| *Македонија , Скопје* | Конференција на лица кои работат со деца со посебни потреби, Тема - Влијанието на наставникот во намалувањето или отстранувањето на пелтачењето. | *2001* |
| *Годишна конференција Таки* | **Поставувањена стандарди во училницата како организациска структура** | *Мај, 2010* |

| | | |
|---|---|---|
| *Даскало –Битола* | | |
| *Меѓународна конференција Таки Даскало - Битола* | **Евалвација на наставата-критичко преиспитување.** | ***Мај,2011*** |

## III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатката и неззините авторски остварувања, Комисијата процени дека кандидката има богато искуство за областа за која аплицираше и висока способност за наставна и високостручна работа која ја потврди претходните четири години како предавач во наставната област Деловно секретарство. Нејзината подобност е потврдена и со остварувањата по последниот избор со учеството на бројни обуки, конференции, проекти, како и објавените научни, стручни трудови и наставни материјали (прикажано со болдирани наслови). Според ова, Рецензиската комисија констатира дека *кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно звање виш предавач на Висока стручна школа во наставната област по Деловно секретарсто.* Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС кандидатот м-р Гордана Тасевска да го избере во наставното звање **виш предавач на Висока стручна школа** во наставната област по **Деловно секретарство**.

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Јонуз Абдули

2. Проф. д-р Драган Груевски

3. Проф. д-р Таип Јакупи